ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3326/15
24.08 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Центар, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 24.8.2020 година се објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во Програмата „Општинско-корисна работа", проект „ОБРАЗОВАНИЕ БЕЗ ПРЕЧКИ IV" за работно ангажирање со скратено работно време за период од

- 9 (девет) месеци (доколку се вклучат во поддршка на деца со попречености во редовен наставен процес)

заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување на град Скопје.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од

- 9 (девет) месеци (доколку се вклучат во поддршка на деца со попречености во редовен наставен процес)

статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари бруто износ, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години)
- млади лица до 29 години
- лица постари од 50 години
- самохрани родители
- родители на деца со пречки во развојот

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **Образовни асистенти** со завршено високо образование од областите: педагошки факултет (одделенски или предметен наставник), педагогија, дефектологија или психологија.
- **Лични асистенти** со минимум завршено средно образование од било која област.

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување на град Скопје во периодот од 24.8.2020 година до 31.8.2020 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Центар и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Центар кај лицето Васко Димовски, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување на град Скопје кај лицето Никола Ѓуровски, Центар за социјална работа за општина Центар кај лицето Тања Мишовска Стојковска.